Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.10.2014 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5171 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот надзор на програмскиот сервис на ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Втор програмски сервис, емитуван на 1 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудио комерцијални комуникации

*Забелешка: Според член 92 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Јавниот радиодифузен сервис ја исполнува обврската за емитување инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија и/или вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик, на најмалку еден радио програмски сервис на македонски јазик. Оттаму, обврската за емитување музика се однесува само на Македонско радио – Прв програмски сервис, односно не се проверува на Македонско радио – Втор програмски сервис.*

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Македонско радио – Втор програмски сервис, од 1 октомври 2014 година, **не се констатирани прекршувања** на обврските за емитување аудио комерцијални комуникации. Во анализираниот ден, воопшто не се емитувани аудио комерцијални комуникации.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.10.2014 година*